23647

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.
Isečak iz lista / Newspaper cutting: МЛАД БОРЕЦ СКОПЈЕ
26. X. 1977

**СРЕДБИ**

**РУБЕНС КОРУБИН**

# СЛИКАМ ОТКАКО ЗНАМ ЗА СЕБЕ

● Рубенс Корубин е еден од поистакнатите претставници на најмладата сликарска генерација кај нас. На изложбата во МСУ во Скопје под наслов **Млада генерација III** (овој месец) доби откупна награда. Тоа воедно претставуваше и повод за краток разговор со сликарот, за неговата инспирација и сликарството, како и за сликарството на неговата генерација. Роден е 1949 година во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности со постдипломски студии во Белград 1976 година. Излагал на повеќе групни изложби.

**● Што беше пресудно да се определите за сликарството. Се сеќавате ли на најраните мотиви и мигови што ве определија кон него?**

— Не можам да кажам што беше точно најпресудно да му се посветам до крај на сликарството. Само се сеќавам. Откако знам за себе сум сликал, уште од раните години на детството кога навистина многу цртав, и би бил задоволен кога и сега би ја поседувал таа енергија и моќ на концентрација. Значи, уште од најрана возраст кај мене некако не постоело двоумење дека треба да се занимавам со друго освен со сликарство. А, мотив, поизразит. Може тука има голем удел тоа што сум син на сликар, при што самиот секогаш сум го имал на дофат сликарскиот материјал (четката и боите). Но, убеден сум дека и во други услови ќе му се посветев на ова подраје на духот и вештината.



**● За сликарството постои илјада и една дефиниција...**

— Јас лично не можам да дадам некоја конкретна дефиниција, и не сакам да дадам, бидејќи, едноставно, сликам и можам повеќе за тоа да зборувам. Сето она што сега го сликам е свртено кон некои сеќавања и спомени од детството, од средбите во него со некои луѓе и атмосфери (баба ми, дедо ми... куќата во која тогаш живеевме и која што ми изгледаше магично, некако голема и полна со некои скривалишта. Инаку, како материјал за сликање употребувам „класични" средства, платно и боја. Засега тоа доволно ми одговара за светот што сакам да го изразам и не мислам дека таквиот начин на сликање е надминат. Се разбира, пак, со тоа не сакам да ги негирам оние сликари што се занимаваат со други сликарски техники. Уште еднаш ќе речам, значи: не сум привrзеник на ниедна дефиниција, иако секоја од нив, засебно, може да биде драгоцена во даден момент.

**● Денес во сликарството постои вистинска збрка од стилови и ориентации; фигуративни и апстрактни. Кој е вашиот стил?**

— Јас веќе нагласив дека имам „типично класичен" пристап во изборот на сликарскиот материјал. Што се однесува до мојот стил, не е пожелно самиот многу да зборувам. Дури откако ќе направам поголем број слики, во поголем период на сликање, ќе може најјасно да се види главната линија и во однос на формата и во однос на она што сакало да се каже, идејата. Можам да кажам само дека се трудам постојано што подобро да сликам при што не го запоставувам интуитивниот пристап кон сликата. Што се однесува пак до шаренилото на целиот метеж од стилови и определувања во современото сликарство, мислам дека истиот може да се доведе во врска со самото време што го потресува овој свет било во позитивна, било во негативна смисла.

**— На изложбата Генерација III добивте откупна награда. Што значи наградата за младиот уметник?**

— Наградата ми е доделена од Музејот на современата уметност, што значи дека е званична, и ја прифаќам како комплимент. Драга ми е затоа што сум суетен како и сите сликари, иако не можам да ги предвидам „последиците" на таа награда, дали ќе се пробивам повеќе или не. Во секој случај може има некој одглас. Да не беше таа, на пример, може немаше да правите разговор со мене.

**— Вашата генерација е најмлада во македонското сликарство. Што спрема Вас внесува таа во него. Каде е нејзиното место. Разбива ли некои „табуа" и заблуди...?**

— Кај оваа генерација е присутна таканаречената „нова фигурација" како и апстрактното сликање, што го сметам за позитивно бидејќи дава на показ разноврсност, инвентивност и трагачки импулси. Ќе биде интересно да се видат следните изложби каде истите автори пак би излагале групно. Што се однесува пак до вториот дел од прашањето, разбива ли оваа генерација некои „табуа" и заблуди, не би можел да се даде категорички одговор, бидејќи македонското сликарство е толку младо...

**— Лесно ли му е всушност на младиот сликар кај нас?**

— Мислам дека не му е најлесно. Ако станува лично збор за мене: јас имам голема поддршка од родителите, работам во ателјето на татко ми. Но, мислам дека е невозможно да се живее кај нас само од сликарство. Луѓето сè уште многу малку купуваат слики...

Мислам, во секој случај, дека вратите би требало да бидат пошироко отворени за сите сликари што доаѓаат.

**Ефтим КЛЕТНИКОВ**